Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 14.05.2024

На 13.05.2024 во 20.40 часот на подрачјето на Карпош во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Н.Л.(43) и К.Б.(35), двајцата од Скопје, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.05.2024 во 20.50 часот на подрачјето на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ја лишиле од слобода М.Ш.(22) од Струмица, затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.05.2024 во 11.00 часот во Велес, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Велес го лишиле од слобода М.И (45) од Велес, затоа што кај него била пронајдена и одземена кафеава грутчеста материја. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.05.2024 во 23.35 часот во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип ги привеле В.Е.(26) и О.М.К.(25), двајцата од Република Турција со привремен престој во Штип. При преглед во патничко возило „бмв" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал В.Е., а сопатник бил О.М.К., била пронајдена и одземена дробилка во која имало марихуана. По целосно документирање на настанот, против лицата ќе следува соодветен поднесок.

На 13.05.2024 во 22.20 часот на регионалниот пат Тетово-Скопје, во тетовско Желино, полициски службеници од Полициското одделение Групчин го лишиле од слобода С.К. (24) од тетовски Порој, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица за понатамошна постапка и против него ќе следува соодветен поднесок.

На 13.05.2024 на ул.„Дабничка" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп ги привеле А.С.(25) и А.А.(19), двајцата од Прилеп, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и семки од растението канабис. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.05.2024 во 13.06 часот во Полициската канцеларија Демир Капија, И.М.(31) од Демир Капија пријавил дека во дворот од семејната куќа на ул.„Наум Наумов" пронашол експлозивна направа. Полициски службеници излегле на местото, а пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување Гевгелија безбедно ја подигнал направата и констатирал дека станува збор за рачна граната која потекнува од Првата светска војна.

На 13.05.2024 околу 09.00 часот, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор и гранични проверки Богородица при Регионалниот центар за гранични работи Југ затекнале пет лица од Кина (три женски и две машки) при обид илегално да ја преминат државната граница од Република Северна Македонија кон Република Грција. На 12.05.2024 тие влегле во Република Србија преку аеродромот во Белград, по што на 13.05.2024 остариле илегален влез во државата. Регионалниот центар за гранични работи Југ – Одделение за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија Гевгелија до Основен суд Гевгелија поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, по што од Судија за прекршоци изречена им е глоба и прекршочна санкција - протерување на странец од РСМ со забрана за влез во траење од една година.

Во текот на вчерашниот ден (13.05.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 173 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 70 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 103 надвор од населено место.

На 13.05.2024 во 18.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ферид Бајрам" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд фиеста", управувано од Ј.И.(30) од Скопје и патничко возило „фолксваген поло", управувано од А.В.(30) од с.Никиштане, скопско, двете со скопски регистарски ознаки, при што била удрена и Ф.К.(65) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Ф.К., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", а со телесни повреди се здобил сопатник од возилото „фолксваген поло", А.В.(19) од с.Никиштане, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 13.05.2024 во 19.10 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Брегалничка" во Штип, патничко возило „киа" со штипски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(63) од Штип, удрило во малолетен пешак од Штип. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничката, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 13.05.2024 во 11.20 часот во Полициската станица Аеродром, Љ.П.(40) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" во Скопје неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 13.05.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Гази Баба, В.М.(57) од Скопје, пријавила дека на ул.„Методија Андонов Ченто" во Скопје била касната од куче скитник.

На 13.05.2024 во 15.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Б.А.(69) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорче Петров" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет